*Број: 02 - 19127/2*
*17.02.2011 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од XCIII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 28.12.2010 година со почеток во 11.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Ирфан Хоџа, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Кристина Христова, ВД директор на секторот за фармација (делумно присутна);*

- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за буџетска координација и преговарање (делумно присутна);*
- *Елена Тулевска, стручен соработник за буџетирање, план и анализа (делумно присутна);*
- *Емилија Здравева, шеф на одделот за права и обврски од здравственото осигурување (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори заменикот на претседателот на Управниот одбор Ирфан Хоџа, а подоцна ја водеше претседателката Елена Трпковска. Тој утврди дека на седницата се присутни пет (по пристигнувањето на претседателката Елена Трпковска, шест) членови на Управниот одбор, со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го изложи претходно доставениот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XC -та седница на Управниот одбор одржана на 24.11.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од XCI -та седница на Управниот одбор одржана на 03.12.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од XCII -та седница на Управниот одбор одржана на 09.12.2010 година;*

1. *Ликвидност на ФЗОМ;*
2. *Предлог буџетските плафони на ЈЗУ за 1 квартал 2011 година;*
3. *Предлог договорни надоместоци ( буџети) за 1 квартал 2011 на ПЗУ кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита;*
4. *Предлог договорни надоместоци ( буџети) за 1 квартал 2011на ПЗУ кои вршат лабораториска дејност по упат од избран лекар;*
5. *Предлог договорни надоместоци ( буџети) за 1 квартал 2011на ПЗУ кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита;*
6. *Предлог договорни надоместоци ( буџети) за 1 квартал 2011за Бањите-Медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување;*
7. *Предлог договорен надоместок ( буџет) за 1 квартал 2011за ПЗУ ДИЈАМЕД;*
8. *Предлог договорен надоместок ( буџет) за 1 квартал за 2011на ПЗУ Филип Втори и Систина за кардиохирургија;*
9. *Предлог за вкупен буџет за БПО за 1 квартал за 2011 година;*
10. *Предлог измена на буџетот за 2010 година за Институтот за јавно здравје;*
11. *Предлог буџет на аптеки за првиот квартал на 2011 година;*

12. Барања од областа на работните односи;
    - Томо Ѓоргиев
    - Ридван Асани
13. Барање од осигуреникот Виолета Ицковска
14. Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
15. Одлука за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (заради корекции од технички карактер)
16. Предлог за изменување на квоти на аптеки со намален кадар;
17. Информација за барањата на здравствени установи за плаќање на договорни казни на рати;
18. Анализа за реализацијата на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-септември 2010 год;
19. Предлог Стратешки план на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за периодот 2010 – 2015 година;
20. Разно.

Страшо Наумоски побара да се разгледа точката за антикризните мерки во здравството која извесно време се одлага поради недостаток од информација за ефектот од мерките од Министерството за здравство.

По ова барање, Управниот одбор заклучи за ефектот од антикризните мерки да се расправа на наредната седница, дури и ако дотогаш нема информација од Министерството за здравство.

Потоа Управниот одбор го усвои следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

- Усвојување на записникот од XC -та седница на Управниот одбор одржана на 24.11.2010 година;
- Усвојување на записникот од XCI -та седница на Управниот одбор одржана на 03.12.2010 година;
- Усвојување на записникот од XCII -та седница на Управниот одбор одржана на 09.12.2010 година;

1. Ликвидност на ФЗОМ;
2. Предлог буџетските плафони на ЈЗУ за 1 квартал 2011 година;
3. Предлог договорни надоместоци ( буџети) за 1 квартал 2011 на ПЗУ кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита;

4. *Предлог договорни надоместоци ( буџети) за 1 квартал 2011на ПЗУ кои вршат лабораториска дејност по упат од избран лекар;*
5. *Предлог договорни надоместоци ( буџети) за 1 квартал 2011на ПЗУ кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита;*
6. *Предлог договорни надоместоци ( буџети) за 1 квартал 2011за Бањите-Медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување;*
7. *Предлог договорен надоместок ( буџет) за 1 квартал  2011за ПЗУ ДИЈАМЕД;*
8. *Предлог договорен надоместок ( буџет) за 1 квартал за 2011на ПЗУ Филип Втори и Систина за кардиохирургија;*
9. *Предлог за вкупен буџет за БПО за 1 квартал за 2011 година;*
10. *Предлог измена на буџетот за 2010 година за Институтот за јавно здравје;*
11. *Предлог буџет на аптеки за првиот квартал на 2011 година;*
12. *Барања од областа на работните односи;*
    - *Томо Ѓоргиев*
    - *Ридван Асани*
13. *Барање од осигуреникот Виолета Ицковска*
14. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
15. *Одлука за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (заради корекции од технички карактер);*
16. *Предлог за изменување на квоти на аптеки со намален кадар;*
17. *Информација за барањата на здравствени установи за плаќање на договорни казни на рати;*
18. *Анализа за реализацијата на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-септември 2010 год;*
19. *Предлог Стратешки план на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за периодот 2010 – 2015 година;*
20. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XC -та седница на Управниот одбор одржана на 24.11.2010 година*
- *Усвојување на записникот од XCI -та седница на Управниот одбор одржана на 03.12.2010 година*
- *Усвојување на записникот од XCII -та седница на Управниот одбор одржана на 09.12.2010 година*

*Управниот одбор без забелешки едногласно ги усвои записниците од XC -та седница одржана на 24.11.2010, XCI -та седница одржана на 03.12.2010 и XCII -та седница одржана на 09.12.2010 година.*

***ТОЧКА 1*** *- Ликвидност на ФЗОМ*
*Во рамките на првата точка на дневниот ред, директорката Парнарџиева – Змејкова го запозна Управниот одбор со актуелната состојба на ликвидноста на Фондот.*

***ТОЧКА 2*** *- Предлог буџетските плафони на ЈЗУ за 1 квартал 2011 година*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова наведе дека предложените буџетски плафони се идентични со техничките буџети кои согласно законот беа усвоени на седницата одржана на 21.10.2010 година. Во февруари месец Фондот ќе има разговори со јавните здравствени установи заради разгледување на потребата и можноста за промени на овие плафони. Буџетските беа потребни заради почетокот на трезорското работење, а конечните буџети на јавните здравствени установи кои ќе важат во 2011 година треба да се утврдат со посебна одлука.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи***
***за првиот квартал на 2011 година***

*со која се утврдија предложените буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2011 година.*

***ТОЧКА 3*** *- Предлог договорни надоместоци (буџети) за 1 квартал 2011 на ПЗУ кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита*

*Објаснување на предложените договорни надоместоци за здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита даде Бранислава Катушевска. Наведе дека висината на предложените договорни надоместоци е пресметана на еднаков начин како висината на надоместоците за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година, упросечен на квартално ниво. Овој начин на определување на надоместоците е во согласност со Правилникот за критериумите за склучување на договори и за*

*начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствени установи кои вршат специјалистичко – консултативна здравствена заштита.*

*По ова, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања и даваа предлози во врска со висината на надоместокот што се утврдува за здравствените установи што за првпат склучуваат договор со Фондот и со стимулацијата за оние установи кои даваат повеќе услуги од утврдениот надоместок.*

*На крајот, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за првиот квартал на 2011 година***

***ТОЧКА 4*** - *Предлог договорни надоместоци (буџети) за 1 квартал 2011на ПЗУ кои вршат лабораториска дејност по упат од избран лекар*

*И по оваа точка објаснување даде Бранислава Катушевска. Објасни дека начинот на утврдување на висината на предлог договорениот надоместок за првиот квартал на 2011 година е еднаков на висина на вредноста на досегашниот буџет на квартално ниво во 2010 година, со исклучок на една лабораторија од Прилеп каде е направена корекција на висината на договорениот надоместок. Истовремено, начинот на определување на буџетот е во согласност со Правилникот за кадар, простор и опрема од Министерството за здравство, каде што овие лаборатории кои работат по упат од матичен лекар имаат третман на примарно ниво и висината на буџетот се определува по основ на капитација како и со Правилникот за начинот на плаќање на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат од избран лекар.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на лабораториските испитувања во специјалистичко - консултативната здравствена заштита за првиот квартал на 2011 година***

*ТОЧКА 5 - Предлог договорни надоместоци ( буџети) за 1 квартал 2011на ПЗУ кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита*

*По објаснувањето на Бранислава Катушевска, Управниот одбор без расправа едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за првиот квартал на 2011 година***

*ТОЧКА 6 - Предлог договорни надоместоци ( буџети) за 1 квартал 2011за Бањите- Медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување*

*По објаснувањето на директорката Парнарџиева – Змејкова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати***
***за услуги извршени од Здравствената установа Катлановска Бања ДОО - Катланово на осигурените лица на Фондот во првиот квартал на 2011 година на 2011 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по физикална медицина и рехабилитација „Дебарски Бањи - Цапа“ - Дебар на осигурените лица на Фондот во првиот квартал на 2011 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати***
***за услуги извршени од Македонската академија на науките и уметностите на осигурените лица на Фондот во првиот квартал на 2011 година***

*ТОЧКА 7 - Предлог договорен надоместок (буџет) за 1 квартал 2011за ПЗУ ДИЈАМЕД*

*По објаснувањето на директорката Парнарџиева – Змејкова, Управниот одбор без расправа едногласно донесе*

*Одлука*

***за утврдување на висината на вкупниот надоместок***
***што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „ДИАМЕД“***
***- СКОПЈЕ за третирање на осигурените лица со хемодијализа***
***во првиот квартал на 2011 година***

*ТОЧКА 8 - Предлог договорен надоместок (буџет) за 1 квартал за 2011на ПЗУ Филип Втори и Систина за кардиохирургија*

*Управниот одбор без расправа а врз основа на работниот материјал за оваа точка од дневниот ред едногласно донесе*

*Одлука*

***за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го***
***исплати на Специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори“***
***за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија***
***во првиот квартал на 2011 година***

*и*

*Одлука*

***за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го***
***исплати на ПЗУ Клиничка болница Систина од Скопје***
***за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија***
***во првиот квартал на 2011 година***

*ТОЧКА 9 - Предлог за вкупен буџет за БПО за 1 квартал за 2011 година*

*Објаснување по оваа точка дадоа директорката Парнарџиева – Змејкова и Бранислава Катушевска при што истакнаа дека и буџетот за БПО за првиот квартал е идентичен како буџетот за 2010 година, односно е проектиран за појкривање на ист број на третмани.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

*Одлука*

***за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го***
***исплати на здравствените установи за здравствени услуги од областа на***
***биомедицински потпомогнатото оплодување***
***во првиот квартал на 2011 година***

*ТОЧКА 10 - Предлог измена на буџетот за 2010 година за Институтот за јавно здравје*

*По објаснувањето на Бранислава Катушевска, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување на одлуката за утврдување буџетски плафони***
***на јавните здравствени установи***
***за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*ТОЧКА 11 - Предлог буџет на аптеки за првиот квартал на 2011 година*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова објасни дека висината на месечниот износ на средства за првиот квартал на 2011 година, согласно Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот, се пресметува врз основа висината на месечниот износ на средства за месец декември 2010 година. На тој начин е дојдено до износите што сега се предлагаат за усвојување.*

*По ова Борис Јосифовски побара дополнително објаснување за висината на средствата за надоместокот на аптеките во 20110 и 2011 година, по што го изнесе и своето согледување на состојбата.*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова даде дополнително објаснување по што Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во првиот квартал на 2011 година***

*ТОЧКА 12 - Барања од областа на работните односи*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред беа разгледани приговорите на Томо Ѓоргиев и на Ридван Асани*

*По сумирањето на објаснувањето изготвено од службите на Фондот во врска со приговорите на Томо Ѓоргиев и Ридван Асани од страна на Директорката Парнарџиева – Змејкова и дискусијата по него, претседателката Елена Трпковска побара членовите на Управниот одбор да се изјаснат по приговорите.*

*Љубиша Каранфиловски се изјасни за прифаќање на приговорите, а Елена Трпковска, Ирфан Хоџа, Борис Јосифовски, Горан Коевски и Страшо Наумоски за нивно одбивање.*

*На тој начин Управниот одбор со мнозинство на гласови ги одби приговорите на Томо Ѓоргиев и Ридван Асани.*

**ТОЧКА 13** - *Барање од осигуреникот Виолета Ицковска*

*Дополнително објаснување во врска со барањето од осигуреникот Виолета Ицковска даде Емилија Здравева. Наведе дека се работи за пет предмети за лекување во странство за кои треба да се плати учество од осигуреничката. Таа пак од своја страна смета дека не треба да плати затоа што нејзиното дете кое се лекувало во странство има статус на лице со посебни потреби. Меѓутоа според документацијата, со статусот се стекнало подоцна, по извршеното лекување а истиот го немало кога се поднесени барањата.*

*По објаснувањето и кусата дискусија, Управниот одбор побара стручната служба повторно да го разгледа барањето и да изготви предлог како ова барање да биде решено. Потоа барањето повторно ќе се разгледува на седница на Управниот одбор.*

**ТОЧКА 14** - *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Управниот одбор без расправа а врз основа на објаснувањето од работниот материјал за оваа точка, едногласно ја донесе предложената*

**Одлука**
**за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

*ТОЧКА 15 - Одлука за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (заради корекции од технички карактер)*

*Кристина Христова го извести Управниот одбор дека со допис Министерството за здравство – Биро за лекови го извести Фондот дека е согласно сите технички пропусти и воочени недостатоци во Листата на лекови кои се на товар на ФЗОМ да се разрешат и надминат на ниво на Управен одбор на ФЗОМ. Во врска со тоа, во работниот материјал се доставени предлог корекции со преглед на досега воочените технички пропусти и недостатоци на Листата на лекови на товар на ФЗОМ. Со нив се опфатени најголемиот дел од предлозите на Комисијата за позитивна листа која е во надлежност на Министерството за здравство. Исто така, содржани се и предлози за технички корекции по утврдени недостатоци на Листата на лекови од страна на стручната служба на Фондот, и тие во прегледот се посебно означени.*

*Потоа членовите на Управниот одбор поставуваа прашања а Кристина Христова на нив одговараше.*

*Ирфан Хоџа забележа дека од листата изготвена од Комисијата за позитивната листа, пет лека не се вклучени во предлогот, од кои два се без финансиски импликации.*

*Кристина Христова објасни дека за тие лекови е побарано мислење и од Лекарската комора, а во моментов се предложени само тие измени за кои сме сигурни дека нема да имаат финансиски импликации.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршија измени и дополнувања во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија заради корекции од технички карактер.*

*ТОЧКА 16 - Предлог за изменување на квоти на аптеки со намален кадар*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова објасни дека предлогот се однесува на усогласување на висината на квотите кај аптеките што имале промени во бројот на тимовите кои ја извршуваат дејноста.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*со која се изврши усогласување на надоместоците на шест аптеки.*

*ТОЧКА 17 - Информација за барањата на здравствени установи за плаќање на договорни казни на рати*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор ја разгледа Информацијата изготвена од стручната служба на Фондот, по што одлучи да се овозможи на здравствените установи кои треба да платат договорна казна, истата да ја плаќаат на шест месечни рати.*

*ТОЧКА 18 - Анализа за реализацијата на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари-септември 2010 година*

*Управниот одбор ја разгледа Анализата за реализацијата на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари-септември 2010 година.*

*Потоа, во 14.45 часот Управниот одбор заврши со работата на XCIII -та седница, а преостанатата точка 19 - Предлог Стратешки план на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за периодот 2010 – 2015 година, беше одложена за следната седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Елена Трпковска***